Во акта - Арх. знак:
Рок на чување:
____200__ год. Скопје Потпис.

# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

17-225/4
23.11.2017 год.

27-11-2017
02-2631/3

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016, 127/16), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 2 седница одржана на 19.10.2017 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студискита програма Актуарска и финансиска математика прв циклус студии на Природно математички факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје**

1. Се акредитира студиската програма **Актуарска и финансиска математика прв циклус студии на Природно математички факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од 4 години (осум семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС и со звање:
**- Дипломиран математичар по актуарска и финансиска математика**
Научно - истражувачко подрачје: Природно - математички науки
Научно – истражувачко поле: Математика
Научно – истражувачко област: Наставна и наставна математика

4. Акредитацијата на студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од **четири**(I циклус) учебни години, почнувајќи од учебната 2018/2019......

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА
НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

## Образложение

Врз основа на донесената одлука на Наставно-научниот совет на Природно математички факултет Скопје, прв циклус студиските програми „Актуарска и финансиска математика", на 16.06.2016 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на меѓуседница, формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на позитивната оценка содржана и извештајот на стручната комисија, на својата 2 седница одржана на 19.10.2017 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Академик Владо Камбовски